КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


април, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 18.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

Рочиштето за главна расправа на 17.04.2019 година се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 04.04.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 12.04.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази од страна на јавниот обвинител.

На 18.04.2019 година на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази од страна на Специјалното јавно обвинителство.

## „НИКОЛА САЗДОВСКИ“ К-1788/18

На 12.04.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца вештаци од областа на невро-психијатрија предложени од страна на одбраната.

На рочиштето за главна расправа на 16.04.2019 година беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 23.04.2019 година, јавно беше објавена пресудата со која што двајцата обвинети беа огласени за виновни и осудени на ефективна казна затвор во траење од 19 години. Дополнително, по предлог на јавниот обвинител мерката притвор е продолжена.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.04.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на јавниот обвинител.

На 15.04.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

На 23.04.2019 година, се изведуваа материјални докази од страна на обвинителството.

## „ НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На 01.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 08.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 19.04.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази како и испитан еден сведок предложени од страна на одбраната.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 02.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната со образложение дека не им биле доставени целосно листите на докази од страна на СЈО.

На 16.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник на обвинетото правно лице.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 09.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

На 12.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 17.04.2019 година на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на Специјалното јавно обвинителство.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 03.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на пет сведоци предложени од страна на одбраната.

На 19.04.2019 година рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

На 22.04.2019 година рочиштето за главна расправа продожи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на одбраната.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 04.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.04.2019 година на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден сведок вкрстено од страна на одбраната. Рочиштето беше прекинато поради влошување на здравствената состојба на еден обвинет.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 16.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци. Претседателот на судечки совет донесе решение за исклучување на јавност, а на претставник на Коалицијата Сите за правично судење му беше дозволено присуство во својство на стручна јавност.

На 23.04.2019 година рочиштето за главна расправа беше исклучена јавноста. Истото продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11

На 24.04.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден сведок.

## „ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ К-1978/16

На 09.04.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и претставници на Државно правобранителство на РСМ и Министерството за одбрана.

На 19.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беше испитан претставник од Министерство за одбрана.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 18.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беа предложени нови докази од страна на странките во постапката.

Рочиштето закажано за 23.04.2019 година се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 08.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи на барање на одбраната. На ова рочиште дадени се само приговори поврзани со предметот и постапката за кои судот треба дополнително да одлучи.

## „МАРИГЛЕН“ КБР.1217/16

На 04.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот.

## „ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18

На 05.04.2019 година на рочиштето за главна расправа, постапката започна одново со изнесување на содржина на обвинетелниот предлог и изведување на материјални докази на обвинителството. На почеток на расправата, судот донесе решение за судење во отсуство на обвинетиот.

На 15.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази како и со сослушување на еден сведок предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На рочиштето за главна расправа на 16.04.2019 година, постапката се раздвои за еден обвинет а дополнително беше испитан и еден сведок.

## „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На рочиштето за главна расправа на 17.04.2019 година беа испитани вкупно 13 сведоци.